**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и четвртата седница на Собранието на**

**Република Македонија,**

**одржана на 13 септември 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, Почитувани гости,

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

Дами и господа пратеници, Почитувани гости, пред два дена од Соединетите американски држави се случи најголемата трагедија предизвикана од терористичкиот акт. Тероризмот е едно од најголемите зла на денешнината, нанесе огромни цивилни жртви и страдања. Ве повикувам со едноминутно молчење да им одадеме почит на жртвите на овој терористички акт.

(Сите присутни во салата станати одаваат почит).

Слава им.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и шефовите на странските дипломатско конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и ов ваше име да ги поздравам присутните гости.

Дами и господа пратеници, Почитувани гости.

На денешната седница на пратеничкиот дом на Република Македонија му се обраќа претседателот на заедничкиот европски пратенички дом најсилниот демократски израз на европската интеграција, Европскиот парламент. Госпоѓата Никол Фонтен е со нас во едно исклучително тешко време кога тероризмот го потресува светот и кога станува евидентно дека на оваа закана за човештвото демократијата треба заедно да се спротивставува секогаш и секаде.

Претставниците на институциите на Европската унија низ својот постојан и упорен ангажман, особено во периодот на најтешката криза низ која мина и сеуште минува Република Македонија, го покажаа и докажаа егзистенционалниот интерес на Европската унија за мир, стабилност, соживот и подобра интеграција на Република Македонија во Европската унија.

Европскиот парламент давајќи согласност на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу европските заедници и нејзините земји членки и Република Македонија јасно ја поддржа волјата за квалитетен развој на односите на Унијата со Република Македонија. Со тоа давајќи им пример на земјите членки за побрза ратификација ја отво на Спогодбата е и денешното присуство на госпоѓа Фонтен во нашето Собрание е доказ за континуираниот интерес и подготвеност за вложување на нови напори на европските институции за пошироко отворање на вратите на Европа за нашата земја.

Ја молам госпоѓа Никол Фонтен да земе збор.

**НИКОЛ ФОНТЕН:**

Почитуван претседателе на Републиката, почитуван претседателе на Владата, господа министри, почитуван претседател на Парламентот, дами и господа пратеници.

Со голема чест за пријателство и голема спремност во тешките околности низ кои минувате ја примив поканата од господинот претседател да дојдам повторно во вашата земја и да се обратам во име на Европскиот парламент во свечената сала на вашето високо Собрание на 10-годишнината на вашата независност.

Трагичните настани во САД не погодија сите нас и членовите на Европскиот парламент на една исклучителна седница ја изразив својата сигурност и своите сочувства. Ние сите кои сме одговорни во европските институции сме мобилизирани, затоа што очигледно сега е време за одлучна и заедничка акција за да дадеме заеднички одговори на овој ужасен вид тероризам. Јас го кажуван ова на начин на кој сакам да ви кажам дека оваа земја на која и припаѓате, која доживеа толку несреќа и толку драми во текот на историјата, зазема исклучително место во срцето на 380-те милиони европејци кои денес ја сочинуваат Европската унија и што имам

чест да ја претставувам. Во јули 1999 година на самиот ден на мојот избор за претседател на Европскиот парламент, му ветив на нашето Собрание дека мојата прва посета во ова својство би било навистина од значење за таквата приврзаност, тоа да биде овде во Скопје и на Косово кое што туку што излезе од својот кошмар.

Цела Европа се восхитуваше како вашата земја и покрај малите и недоволни средства можеше да се извлече од тешкотиите во кои што се најде, да ги прими десетиците и десети илјадници жени, деца и немоќни старци кои бегаат од кошмарот во Македонија, покажа на цела Европа дека солидарноста со бегалците значи соживување на единството и дека тоа е можно на Балканот кој претставува место на големите религии и големите цивилизации.

Дојдов да ви кажам и денес било какви да се наклоностите дека сум убедена дека тоа значеше чест за вас да примите стотици илјади бегалци. Трагедијата на војната предизвика солидарност. Треба да дојде мирот повторно, да се поврати дефинитивно. Никој не ја избира земјата во која ќе се роди, ниту своите соседи. Нема алтернатива на вашата земја освен заеднички живот. Ова треба да биде еден адут за вашите деца и вашето Собрание, да ги прифати принципите на ревизија на Уставот и јас во таа смисла ја носам поддршката на Европскиот парламент.

Како што знаете, ние го изодевме истиот тој пат по последниот светски конфликт во кој сите наши земји беа уништувани. Имаше огромен број жртви, а кога престана оружјето, визонерите антиципирајќи ја еволуцијата на нивните народи и без да ги заборават настаните го избраа мирот. На тој начин беше создадена Европската заедница. Тоа е природно нешто и природно е сфатено од новите генерации со големиот единствен пазар. Таа живее без да нејзините членки го изгубат националниот идентитет. Во годините кои доаѓаат како што знаете, 12 од земјите на Европа ќе се приклучат на ова големо европско семејство.

Сите земји од поранешна Југославија, ако тоа го сакаат, еден ден јас тоа го сакам за Македонија, ќе станат членки на Европската унија.

Сегашната мисија на НАТО, она што и припаѓа на вашата земја е да ја сочува рамнотежата и да продолжи со другите фази на Договорот, кој беше потпишан. Тоа е голема одговорност, затоа што веќе шест месеци сте раскинувани и не треба да се почне од нула. Ако вашата земја сака да добие помош од надвор, ако луѓето на мирот се обидуваат заедно со вас, со цела Македонија да се приближи до Меѓународните заедница, тоа е единствениот услов одлуката за помош да биде донесена во најдобри можни услови, но Европската унија и ОБСЕ треба да го обезбедат набљудувањето.

Комплексноста на прашањето на му дозволува на претседателот на Европскиот парламент да заземе било какви ставови и би сакала да ви кажам кои се принципите за рамнотежа врз кои почива Европскиот парламент преку резулуциите што ги донесовме во текот на минатите месеци.

Првата е почитување на територијалниот интегритет на вашата земја и тоа од две причини.

Од една страна, избегнување на насилството кое би довело до нови поголеми судири. Тоа би довело до влошување на односите.

Од друга страна, потребна е политика на развој, развој на комерцијалните односи, при што Европската унија ги осудува сите други тенденции за влошување на ситуацијата.

Европската унија дојде тука за да стави крај на варварството што се случува на Косово, во Македонија, во услови кои се помалку трагични, но кои би можеле да станат трагични, улогата на Европската унија е иста.

Кога станува збор за мерките што се предвидени за да се признаат правата на националностите, на јазикот и на сопствена полиција во вашиот Парламент би требало да се конкретизираат тие мерки, со она што ќа се случи во врска со реформата што треба да се стави во функција.

Јазичниот плурализам во нашите земји ги консолидира нациите и ги маргинализираат тензиите на Европскиот парламент, не ги штеди своите сили, за да и даде на Македонија финансиска помош и на сите европејци ви честитаат за се она што сте направиле до сега. И сакам еден ден, ако тоа го сакате вие да ни се приклучите во Европската унија.

Спогодбата за асоцијација и стабилизација што ја потпишавте ние сме убедени дека преку дијалог, заедно ќе дојдеме до вистинска рамнотежа и

почитување на суверенитетот и националниот македонски идентиат.

Ви благодарам господине претседателе, драги колеги за довербата што ми ја дадовте поканувајќи ме денес да ви се обратам. Сакам нова страница во историјата на вашата земја да започне за трајна среќа на сите оние кои се стремат да живеат заедно на ваша почва. Ви благодарам. (Аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од името на сите пратеници на Собранието на Република Македонија и благодарам на госпоѓа Фонтен за нејзиното инспиративно обраќање.

Европската унија е предизвик за Република Македонија, но Република Македонија со сите проблеми со кои се соочува и нејзината способност успешно да ги совлада е предизвик за Европската унија. Се надевам дека сите заедно ќе го дадеме најдоброто од себе за да одговориме на него. Искрено се надевам дека резултатот ќе биде место за македонски евро-пратеници во клупите на Европскиот парламент во догледна иднина и изразувам искрена благодарност на госпоѓа Фонтен за нејзиното обраќање, а преку неа и на сите евро-парламентарци.

Ја заклучувам 84-та седница на Собранието на Република Македонија.

После еден час, во 14,оо часот ќе продолжиме со 81-та седница, бидејќи закажаната седница за сега по барање на пратеничката група на ПДП-А - НДП ја одлагам.

Ќе продолжиме во 12,оо часот, многу ќе биде во 14,оо часот.

(Седницата заврши со работа во 11,35 часот.)